Универзитет Св. Кирил и Методиј
Педагошки факултет Св.Климент Охридски
Бр. 02 - 192/4
01.03 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 57 од Статутот на Педагошкиот факултет „ Св. КЛимент Охридски“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот на факултетот, на својата седница одржана по електронски пат на 1.3.2023 г., донесе

**ОДЛУКА**
**за начинот на реализација на педагошкиот стаж,**
**во летниот семестар на учебната 2022/2023 година**

1. Студентите од студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитание кои го запишале педагошкиот стаж во летниот семестар на учебната 2022/2023 година, стажот ќе го реализираат во основните општински училишта од I до V одделение или во детските градинки во организација на Факултетот .
2. За извршените активности, студентите ќе ги користат протоколи дадени во Упатството за реализација на практична настава.
3. Студентите кои се вработени во основните општински училишта или во детските градинки можат да го реализираат стажот на работното место.
4. На барање на студент педагошкиот стаж може да се реализира и во соодветна установа во местото на живеење.
5. Врз основа на доставените протоколи дадени во Упатството за реализација на практична настава, верификацијата за успешно реализираниот педагошки стаж ќе се врши од страна на одговорниот професор.
6. На студентите од одделенска настава и предучилишно воспитание кои биле ангажирани во основните општински училишта или детските градинки, како замена на отсутен одделенски наставник/воспитувач, во траење од минимум 10 дена, оваа активност им се признава како педагошки стаж.
7. За извршените активности студентите ќе ги користат протоколи дадени во Упатството за реализација на практична настава.
8. Врз основа на доставените протоколи дадени во Упатството за реализација на практична настава и потврда за ангажирање од страна на основното општинско училиште или детската градинка, верификација за успешно реализиран педагошки стаж ќе се врши од страна на одговорниот професор.
9. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**За Наставно-научниот совет**
**Декан**
проф. д-р Емиљ Сулејмани

**Доставено до:**
- Декан и Продекан за настава
- Членовите на ННС и секретар, по електронски пат
- Советник за ЕКТС и Советници за студентски прашања, по електронски пат
- Огласна табла и ВЕБ страна на Факултетот
- Архива